## ПРОМЕНА НА ПЛАНОТ ВО ВЕЛЕС

# Хаџи Бошков ќе го прави споменикот на Брашнар

Локалната самоуправа потпиша договор со академскиот скулптор проф. Петар Хаџи Бошков за изработка споменик на Панко Брашнаров, по пропаѓањето на првичниот договор со академскиот скулптор проф. Драган Поповски - Дада.

Градоначалникот на Велес, Аце Коцевски, изјави дека првичниот договор со Поповски пропаднал зашто тој не се придржувал на условите од договорот, односно барал комисијата за изградба на споменик да склучи посебен договор со кемноделецот на споменикот.

- Барањето е надвор од пропозициите и Законот за јавни набавки, бидејќи за тоа требаше да ѓе распише нов тендер, но авторот се огради од успешноста на изведбата на споменикот - вели Коцевски.

Новоприфатеното решение ќе чини 17.515 наместо 28.000 евра, колку што беше предвидено чинењето на првата изведба. Споменикот ќе биде висок 2,5 метри, ќе се делка во мермер од Прилепскиот мермерен комбинат, со постамент од сивкаст мермер од Грција.

Градоначалникот Коцевски најавува дека е во преговори со Владата централната манифестација за овој јубилеј да се одржи во историското Горно Врановци, Велешко, наместо најавата за изградба нов комплекс во близина на границата кај „Прохор Пчињски".

**А. Г. Д.**